Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец" - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/180**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**





Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски Комуналец" - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1178/4 од 20.08.2024 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1177/4 од 20.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 08- 10884/52**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 02-1177/4
20.08 2024 год.
Охрид

Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

Тел: 00 389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 250000100073168 Дан.бр.: MK 4020989101655
Депонент: "Шпаркасе Банка"-Скопје

Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата 20-та седница одржана на ден 20.08.2024 година,го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Се прифаќа Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2024 – 30.06.2024 година.

Ова Мислење да се достави до Управниот Одбор на ЈП„Охридски Комуналец" Охрид.

Надзорен Одбор за контрола над материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид

Претседател
Зоран Симоноски

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-1178/4
20.08.2024 год.
Охрид

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 20.08.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2024 година до 30.06.2024 година

Член 1

Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид го усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2024 година до 30.06.2024 година.

Член 2

При донесувањето на оваа Одлука Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид го имаше во предвид Мислењето донесено од Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид број 02-1177/4 од 20.08.2024 година.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2024 година до 30.06.2024 година и Мислењето од Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид број 02-1177/4 од 20.08.2024 година.

Член 4

Оваа Одлука да се достави до основачот, Советот на општина Охрид.

Управен Одбор на ЈП Охридски Комуналец Охрид

Претседател,Александар Бушакоски

**ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД**

Тел./Факс:++389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 250-0001000731-68 Даночен бр.: МК 4020989101655
Депонент: Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј
**за остварените резултати од работењето**
**на Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД**
**за периодот 01. Април – 30. Јуни 2024 год.**

Охрид,
Август 2024 година

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 02 - 1178/5
20.08 2024 год
Охрид

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД

***ОСНОВАЊЕ***

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид.

***ДЕЈНОСТ***

Јавното Претпријатие "Охридски Комуналец" – Охрид врши широк спектар на активности кои се сублимирани во следниве основни дејности (националната класификација на дејности):

- 38.11 Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- 81.29 Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби;

- 81.30 Уредување и одржување јавно зеленило;
- 68.20 Издавање имот под закуп

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Во согласност со Програмата за работа за 2024 год. се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржување на јавното зеленило, организационо – техничката опременост и финансиски показатели.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитетот и квалитет на услугата, транспарентност, квалитет на услугата, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството отпад и зачувување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација бр. 02-599/8 од 14.04.2021 година. усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-599/4 од 14.04.2021 година; Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 04-2413/1 од 13.12.2021 год.; Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-514/4 од 06.05.2022 год.; Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 03-896/3 од 30.06.2023 год. и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-1470/5 од 31.08.2023 година, како и врз основа на Правилник за внатрешна организација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр.2 02-599/7 од 14.04.2021 година е организирано на ниво на Сектори.

Во Секторите постојат одделенија и оддели во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа:

- **Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси**
  Одделение за Општи и правни работи
  Одделение за човечки ресурси

- **Сектор за Финансии, сметководство и комерција**
  Одделение за сметководство
  Одделение за наплата
  *Оддел инкасанти*
  Одделение за АОП
  Одделение за јавни набавки
  *Оддел за магацинско работење*

- **Сектор за Комунална Хигиена**
  Одделение за услужна хигиена
  Одделение за јавна хигиена
  Одделение за депонирање отпад
  *Оддел – прифатилиште за бездомни животни*

- **Сектор за Паркови и зеленило**
  Одделение за хортикултура
  Одделение за паркови и зеленило

- **Сектор за Механизација**
  Одделение за експлоатација на возен парк
  Одделение за одржување моторни возила

***ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ***

Органи на управување во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид се:

- *Управен Одбор*: составен од 7 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Охрид;
- *Надзорен Одбор*: составен од 5 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Охрид;
- *Директор*, кој го именува и разрешува градоначалникот на Општина Охрид.

***БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ***

Во табела е прикажан бројот на вработени за период од 01.Април до 30.Јуни:

| **месец / год.** | **Април** | **Мај** | **Јуни** |
|---|---|---|---|
| **2024** | 298 | 297 | 297 |
| **2023** | 296 | 307 | 306 |

Од вкупниот број на вработени 297 заклучно со 30.06.2024 година 260 вработени се на неопределено работно време, а 37 вработени на определено работно време или по Сектори и одделенија прикажани се во табелата:

| СЕКТОР ЗА ОПШТИ , ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВДСТВО И КОМЕРЦИЈА | | СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | | | | | | СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | | СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | |
| н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| 29 | 3 | 53 | 1 | 47 | 3 | 48 | 22 | 4 | | 37 | 1 | 42 | 7 |

## III. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

* Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).

***- Реализација***

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01.Април до 30.Јуни 2024 година приходите на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид изнесуваат 41,024,998.00 денари или со индекс од 82% добиен како резултат на споредување на приходите од 2024 година со вкупните приходи од 2023 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањато на поединечните приходи поодело во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2024 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга, подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 22,187,090.00 денари; *Приходи од претпријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица – редовно и вонредно со вредност од 10,276,198.00 денари; *Приходи од зеленило* со вредност од 3,012,780.00 денари по основ продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид и извршени активности предвидени со Програмата за работа од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило; *Приходи од јавна чистота* во вредност од 2,940,581.00 денари врз основа на извршени активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2024 год.; *Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 1,007,538.00 денари, а се однесуваат за вонредно чистење на просторот од смет како последица на превземени градежни работи; *Приходи од камати* со вредност од 911,786.00 денари итоа приходи по основ камата за неплатени сметки од грагани и претпријатија; *Приходи од наемнина* со вредност од 238,312.00 денари; *Приходи од депонирање шут* на износ од 111,325.00 ден.; *Приходи од префактурирање на електрична енергија* на износ од 85,394.00 денари; *Приходи од услуга со транспортно средство* во вредност од 62,752.00 денари по основ ангажирање на возила Трактор, Кипер, Хидромак по Договор со Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици; *Приходи по основ наплата судски одлуки* на износ од 56,587.00 денари; *Приходи од отпадна хартија* на износ од 55,620.00 денари; Приходи од продажба на канти на износ од 41,229.00 денари; *Разни други приходи* на износ од 20,272.00 денари по основ надомест за контејнер.

Анализирајќи ја споредбата на приходите од 01.Април до 30.Јуни 2024 год. со приходите од минатата 2023 година се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2024 год. во однос на минатата 2023 година.

**ОСТВАРЕНИ ВКУПНИ ПРИХОДИ**

**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**

**за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година**

| | 2024 год. | | 2023 год. | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на приход** | износ | структура | Износ | структура | % |
| **ХИГИЕНА** | | | | | |
| 740/Приходи од ѓубретарина - граѓани | 22,187,090.00 | *54* | 25,891,230.00 | *52* | 86 |
| 740/Приходи од ѓубретарина - претпријатија | 10,276,198.00 | *25* | 11,146,416.00 | *22* | 92 |
| 740/Приходи од јавна чистота | 2,940,581.00 | *7.16* | 3,868,701.00 | *8* | 76 |
| **ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 740/Приходи од зеленило | 3,012,780.00 | *7.34* | 2,850,251.00 | *5.70* | 106 |
| **МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 740/Приходи од услуга со транспортно средство | 62,752.00 | *0.15* | 152,219.00 | *0.30* | 41 |
| 740/Приходи од ангажирање работници | 5,720.00 | *0.01* | 817,740.00 | *1.63* | 1 |
| 740/Приходи од отпадна хартија | 55,620.00 | *0.13* | 9,600.00 | *0.01* | |
| 740/Приходи од шут | 111,325.00 | *0.27* | 174,613.00 | *0.34* | 64 |
| 740/Приходи од продажба канти | 41,229.00 | *0.09* | | | |
| 740/Приходи од комунални услуги - градежи | 1,007,538.00 | *2.45* | 2,921,820.00 | *5.84* | 34 |
| **ДРУГИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| 740/Разни други приходи | 20,272.00 | *0.04* | 5,370.00 | *0.01* | |
| 755/Приходи од вредносно усогласување на краткорочни побарув. | 4,198.00 | | 4,083.00 | | 103 |
| 769/ Приходи од префактурирање вода | 3,854.00 | | | | |
| 769/Приходи од префактурирање нискоградба | 3,762.00 | | | | |
| 769/Приходи од префактурирање ел. енергија | 85,394.00 | *0.20* | | | |
| 769/Приходи по основ наплата судски одлуки | 56,587.00 | *0.13* | | | |
| **ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | | | | | |
| 747/Наемнина | 238,312.00 | *0.58* | 174,320.00 | *0.34* | 137 |
| **ПРИХОДИ КАМАТА** | | | | | |
| 774/Камата | 911,786.00 | *2.22* | 1,937,281.00 | *3.87* | 47 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **41,024,998.00** | ***100*** | **49,953,644.00** | ***100*** | **82** |

***- Трошоци на реализација***

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.Април до 30.Јуни 2024 год. изнесуваат 46,989,943.00 денари или со индекс од 111% добиен како резултат на споредување на расходите од 2024 год. со вкупните расходи од 2023 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

Во материјалната група на трошоци спаѓаат:

- *Трошоците за нафта и гориво* во вредност од 2,975,265.00 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- *Потрошени резервни делови* во вредност од 1,759,941.00 денари за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- *Трошоци на амортизација* во вредност од 801,257.00 денари;
- *Потрошени суровини и материјали* во вредност од 759,338.00 денари, а се однесуваат за набевена ризла, стакло, печатени фактури и сметки, канцелариски материјал, кеси за отпад;
- *Потрошена електрична енергија* во вредност од 234,948.00 денари;
- *Трошоци за ветеринарни и санитарни услуги* во вредност од 211,108.00 денари за заловување, транспорт, вакцинирање и стерилизација на кучиња;
- *Трошоци за телефонски услуги* во вредност од 178,250.00 денари книжени на конто 411 по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и и телефони;
- *Останати надворешни услуги* на конто 412 во вредност од 133,600.00 денари, а се однесува на трошоци за услуги со дигалка;
- *Останати транспортни услуги* на конто 4109 во вредност од 120,926.00 денари, а се однесува на трошоци за ангажирање багер и ровокопач за уредување депонија Буково;

- У*слугите за сервис и одржување на моторни возила* на конто 4136 на износ од 102,940.00 ден.;
- *Трошоци за вода* на конто 4150 во вредност од 79,841.00 денари, а се однесува на трошоци за вода;
- *Трошоци за автогуми* во вредност од 62,584.00 денари;
- У*слугите за одржување и заштита на недвижности* на конто 4134 на износ од 59,850.00 ден., а се однесуваат за одржување софтвер и веб страница;

- *Останати услуги* на конто 419 во вредност од 42,051.00 денари, а се однесува на регистрација возила;

- *Трошоци за одводнување и прочистување на отпадни води* во вредност од 26,977.00 денари услуги;

- У*слуги за контрола на квалитет, атестирање добра и услуги* на конто 4194 на износ од 21,600.00 денари, а се однесуваат најмногу за услуги за одржување на алат и инвентар и опрема –компјутери.

*Од Нематеријалните трошоци* најголема ставка се однесува на *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во износ од 385,906.00 денари;

- *Трошоци за промоција, пропаганда, реклама* книжени на конто 4170 во вредност од 261,000.00 денари;

- *Нотарски трошоци* на конто 44905 на износ од 228,373.00 денари;

- *Адвокатски услуги* на конто 44905 со износ од 189,918.00 денари, а се однесуваат за извршени услуги по Договор за застапување на износ од 105,000.00 ден. и 84,918.00 ден. за изготвување НПН;

- *Останати нематеријални трошоци* книжени на конто 449 со износ од од 118,913.00 денари, а се однесуваат на трошоци за услуги од безбедност при работа, проценка на деловни простории, консултантски услуги, објавување огласи за Договори за јавна набавка на веб – локации на Биро за јавни набавки при Министерството за финасии;

- *Трошоци за надомест на членови на Управен Одбор* на конто 4420 во износ од 83,340.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци;

- *Други надоместоци на вработени* на конто 4413 на износ од 57,592.00 денари;

- *Трошоци за надомест на членови на Надзорен Одбор* на конто 4421 во износ од 49,995.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци;

- *Трошоци за спонзорства во земјата* на износ од 45,000.00 денари по Одлука на управен одбор за учество на ввработените на Комулијада;

- *Трошоци на договор на дело* на износ од 39,561.00 денари од закуп на издавање деловни простории;

- *Чланарина* на конто 447 на износ од 32,800.00 денари за чланарина за здружение на даватели на комунални услуги АДКОМ ;

- *Премии за осигурување* на конто 445 на износ од 25,388.00 денари за членарина за здружение на даватели на комунални услуги АДКОМ ;

На износ од 37,526,775.00 денари книжени на конто 420 пресметани се *Платите и надоместоците на плати* за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид.

*Трошоци за отпремнина при заминување во пензии* книжени на конто 422 во вредност од 250,365.00 ден..

*Трошоци за дадена помош на вработените* во вредност од 89,542.00 денари од кои 79,542.00 ден надомест на вработен поради смрт.

**ВКУПНИ РАСХОДИ**
**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**
**за периодот од 01. 04 до 30. 06. 2024 година**

| | **2024 год.** | | | **2023 год.** | | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на расход** | износ | | | износ | | | % |
| **1.МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | струк тура | | | струк тура | | |
| 400/Потрошени суровини и материјали | 759,338.00 | *1.61* | | 432,875.00 | *1.02* | | 175 |
| 4032/Потрошена нафта и гориво | 2,975,265.00 | *6.33* | | 3,071,913.00 | *7.3* | | 97 |
| 4030/Потрошена ел.енергија | 234,948.00 | *0.49* | | 195,701.00 | *0.5* | | 120 |
| 405/Потрошени резервни делови | 1,759,941.00 | *3.74* | | 2,129,155.00 | *5.03* | | 83 |
| 407/Трошоци за автогуми | 62,584.00 | *0.13* | | 175,651.00 | *0.4* | | 35 |
| 4109/Останати транспортни услуги | 120,926.00 | *0.25* | | | | | |
| 411/Телефонски услуги, интернет | 178,250.00 | *0.37* | | 234,368.00 | *0.6* | | 76 |
| 412/Останати надворешни услуги со дигалка | 133,600.00 | *0.28* | | 175,140.00 | *0.4* | | 76 |
| 4130/Услуги за тековно одржување и заштита недвижност – депонија Буково | | | | | | | |
| 4132/Услуги заодржување хигиена | 739.00 | | | | | | |
| 4134/Услуги за одржување софтвер и веб страна | 59,850.00 | *0.12* | | 59,850.00 | *0.1* | | 100 |
| 4136/Услуги за сервис и одржување моторни возила | 102,940.00 | *0.21* | | 21,940.00 | | | |
| 4139/Други услуги за одржување и заштита | 3,083.00 | | | 133,458.00 | *0.3* | | |
| 4140/Закуп на деловен простор | 15,000.00 | *0.03* | | | | | |
| 414/Наем возила за собирање смет, метачка, цистерна за прскање вода | | | | | | | |
| 415/Трошоци за вода | 79,841.00 | *0.17* | | 42,429.00 | *0.1* | | 188 |
| 4153/Трошоци за одводнување и прочистување на отпадни води | 26,977.00 | *0.05* | | 47,051.00 | *0.1* | | 55 |
| 4158/Ветеринарни, санитарни услуги | 211,108.00 | *0.44* | | 157,215.00 | *0.4* | | 134 |
| 419/Останати услуги | 42,051.00 | *0.08* | | 46,325.00 | *0.1* | | 91 |
| 4194/Услуги за контрола на квалитет, атестирање добра и услуги | 21,600.00 | *0.04* | | 64,500,00 | *0,2* | | 33 |
| 430/Амортизација | 801,257.00 | *1.70* | | 629,614.00 | *1,5* | | 127 |
| | | | | | | | |
| **2.НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | | | |
| 440/Дневници за службени патувања | 5,350.00 | *0.01* | | 4,180.00 | | | 125 |
| 4416/Трошоци за образование и усовршување | 400.00 | | | | | | |
| 4413/Други надоместоци на вработени | 57,592.00 | *0.12* | | 15,875.00 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 444/Трошоци за репрезентација, промоција | 5,423.00 | *0.01* | | 15,309.00 | | | 35 |
| 4170/Рекламирање и пропаганда | 261,000.00 | *0.55* | | 231,000.00 | *0.5* | | 113 |
| 445/Премии за осигурување | 25,388,00 | *0.05* | | 33,191.00 | *0.1* | | 76 |
| 4420/Трошоци за надомест на членови на УО | 83,340.00 | *0.17* | | 88,896.00 | *0.2* | | 94 |
| 4421/ Трошоци за надомест на членови на НО | 49,995.00 | *0.10* | | 49,995.00 | *0.1* | | 100 |
| 443/Трошоци за спонзорство во земјата | 45,000.00 | *0.09* | | | | | |
| 4433/Трошоци за донации | | | | 84,495.00 | *0.2* | | |
| 446/Банкарски услуги и трош.за платен | 385,906.00 | *0.81* | | 169,742.00 | *0.4* | | 227 |
| 447/Чланарина | 32,800.00 | *0.06* | | 32,800.00 | *0.1* | | 100 |
| 449/Останати нематеријални трошоци | 118,913.00 | *0.25* | | 116,360.00 | *0.3* | | 102 |
| 44901/Трошоци договор на дело | 39,561.00 | *0.08* | | 70,331.00 | *0.2* | | 56 |
| 44905/Адвокатски трошоци | 189,918.00 | *0.40* | | 132,100.00 | *0.3* | | 143 |
| 44905/Нотарски трошоци | 228,373.00 | *0.48* | | 77,143.00 | *0.2* | | 296 |
| 4684/Надомест н штета по спогодба или судско решение | | | | 211,720.00 | *0.5* | | |
| 469/Останати расходи од работењето | 2,962.00 | | | 214,278.00 | *0.5* | | |
| | | | | | | | |
| **3.ПЛАТИ** | | | | | | | |
| 420/Плата и надоместоци на плата | 37,526,775.00 | *80* | | 33,113,207.00 | *78* | | 113 |
| 422/Трошоци за отпремнина при заминување во пензија | 250,365.00 | *0.53* | | | | | |
| 4228/Трошоци за дадена помош на вработените | 89,542.00 | *0.18* | | | | | |
| **4.ДРУГО** | | | | | | | |
| 474/Камати од работењето | 2,042.00 | | | 12,033.00 | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **46,989,943.00** | ***100*** | | **42,289,840.00** | ***100*** | | **111** |

## IV. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА – ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ И МАЛИ ПРАВНИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите и задолженијата на вработените во Одделение за Наплата.

Во пресметковниот период од 01. Април до 30.Јуни 2024 год. доставени се 85392 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 28,344 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2024 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. Сметки* | | *Износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2024)* |
| | *2023* | ***2024*** | *2023* | ***2024*** | 2023 | ***2024*** | 2023 | ***2024*** | |
| IV | 28056 | *28419* | 9,247 | *9,556* | 22743 | *24466* | 7,053 | *8,145* | *85* |
| V | 28153 | *28455* | 9,559 | *9,331* | 24983 | *25297* | 7,825 | *8,322* | *89* |
| VI | 28204 | *28518* | 9,802 | *9,457* | 27361 | *26167* | 8,463 | *8,535* | *90* |
| ***Вкупно*** | 84413 | ***85392*** | 28,608 | ***28,344*** | 75087 | ***75930*** | 23,341 | ***25,002*** | ***88*** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 75930, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 25,002 (во илјада денари) односно со индекс од 88%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Јуни 2024 година во вредност од 8,535 (во илјада денари) со индекс од 90%.

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територија на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 5140 фактури, а вкупното задолжение изнесува 9,540 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА 2024 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2024)* |
| | *2023* | ***2024*** | *2023* | ***2024*** | *2023* | ***2024*** | *2023* | ***2024*** | |
| IV | 1670 | *1692* | 2,710 | *2,820* | 1441 | *1487* | 2,077 | *2,338* | *83* |
| V | 1691 | *1728* | 3,339 | *3,366* | 1649 | *1530* | 3,202 | *2,580* | *77* |
| VI | 1720 | *1720* | 2,913 | *3,354* | 1623 | *1500* | 2,645 | *3,094* | *92* |
| ***Вкупно:*** | 5081 | ***5140*** | 8,962 | ***9,540*** | 4713 | ***4517*** | 7,924 | ***8,012*** | ***84*** |

Вкупниот број на наплатени фактури изнесува 4517, а вкупната вредност од наплата на фактури по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 8,012 (во илјада денари) односно со индекс од 84% од вкупното задолжение. Најголема наплата е остварена во месец Јуни во вредност од 3,094 (во илјада денари) со индекс од 92%.

## V. РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

